Врз основа на членот 36, став 1, точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/02), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 15.12.2017 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за начинот и условите за користење на службените возила, сопственост на Општина Кочани и полнење на гориво за потребите на Општина Кочани

### Член 1

Со овој Правилник се уредува:

- Начинот и условите за користење на службените возила, сопственост на Општина Кочани;
- Начинот на кој може да се полни гориво во возилата сопственост на општината Кочани;
- Кои административни службеници и други овластени лица можат да полнат гориво во возилата сопственост на општината Кочани.

### Член 2

Службените возила, сопственост на Општина Кочани можат да се користат само за службени потреби на општината.

За секое користење на службено моторно возило се издава во писмена форма патен налог за користење на службеното моторно возило.

### Член 3

Налогот за користење на службеното моторно возило, ги содржи следните податоци:

- Вид на возилото и регистарски број
- Име на лицето кое го користи возилото
- Релација на патувањето
- Цел на превозот
- Време на тргнување и време на враќање
- Почетна и крајна километража

### Член 4

Плаќањето на гориво за потребите на Општина Кочани ќе се врши со фактури.

### Член 5

Во возилата сопственост на општината Кочани можат да полнат гориво следните лица:

- Градоначалникот на Општина Кочани;
- Секретарот на Општина Кочани;
- Овластени раководни административни службеници;
- Командир на ТППЕ-Кочани;
- Вработени лица во Општина Кочани, со посебно овластување од Градоначалникот, односно Секретарот на Општина Кочани.

Член 6

Набавката на гориво за потребите на Општина Кочани се врши на бензинска/и станица/и на економскиот оператор, избран во постапка за јавна набавка.

Член 7

Лицето кое полни гориво се раздолжува со документ за наполнето гориво (испратница), во Секторот за финансиски прашања.

Член 8

Администрацијата на општина Кочани води евиденција за службените возила на Општина Кочани.

Член 9

Правилникот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-2259/1
15.12.2017 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани,
Томе Солевски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА КОЧАНИ *

Изготвил: Венцо Бојков
Контролирал: Анна Кралева